РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 11-3793/1
25.07. 2025 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА СЛУЖБЕНИКОТ ЗА МЛАДИ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2024 ГОДИНА

Арх. бр. 11-3793/1
25.07.2025 година, Велес

**СОДРЖИНА**

1. Содржина ........................................................................................ 2
2. Вовед ............................................................................................. 3
3. Табеларен приказ на активности
(Активностите наведени во табелата хронолошки се набројани согласно датумот на реализирање) ........................................................................ 4
4. Наративно образложение на активности ................................................ 7
5. Образложение за Извештајот ............................................................. 17
6. Легенда на кратенки.......................................................................... 17

**До**
**Градоначалник на Општина Велес**
**Совет на Општина Велес**
**Агенција за млади и спорт**
**(Министерство за социјална политика, демографија и млади)**

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20), а согласно Решението за именување на Службеник за млади (арх. бр. 08-2102/1, од 20.05.2021 година), Службеникот за млади од Општина Велес, го изработи и достави до Градоначалникот на Општина Велес и Министерството за социјална политика, демографија и млади, следниот:

# ИЗВЕШТАЈ
## за работата на Службеникот за млади од Општина Велес во 2024 година

### Табеларен приказ на активности

| бр | Активност | Партнери / Соработници / Засегната страна | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Доставен елаборат за вендинг машини | АМС<br>УНИЦЕФ<br>Општина Велес | 7 февруари 2024 | / |
| 2 | Панел дискусија на тема „Моќта на дигиталното изразување” | МЦВ<br>Младински центар Кавадарци<br>ООУ Велес | 8 февруари 2024 | / |
| 3 | Донесен Заклучок на СОВ за усвојување на Извештајот за работата на Службеникот за млади во 2023 година | СОВ | 21 Февруари 2024 | 25-1189/10 |
| 4 | Донесен Заклучок на СОВ за усвојување на Извештајот за работата на Младинскиот центар во 2023 година | СОВ /<br>МЦВ | 21 Февруари 2024 | 25-1189/11 |
| 5 | Доставен Извештај за работата на Службеникот за млади во 2023 година до АМС | АМС | 22 февруари 2024 | 11-35/2 |
| 6 | Доставен одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер | Службеник за млади | 26 февруари 2024 | 26-1232/1 |
| 7 | Објавен Извештај за работата на Службеникот за млади во 2023 година | Службеник за млади | 27 февруари 2024 | / |
| 8 | Завршен настан за проектот „Клуч за сопствен бизнис” | Фондација „Фокус”<br>ЕУ<br>МЦВ<br>Млади | 1 март 2024 | / |
| 9 | Организирана средношколска дебата на тема родова еднаквост „Потсетник како жените го променија светот!” | УНДП<br>Млади<br>МЦВ<br>ЛМС Велес<br>Општина Велес | 8 март 2024 | / |
| 10 | Организирана едукативна работилница на тема „Врсничко насилство меѓу младите” и „Булинг помеѓу младите” | УНДП<br>Млади<br>МЦВ<br>ЛМС Велес | 26 март 2024 | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11 | Организирана едукативна работилница на тема „Менталното здравје кај младите како предизвик на новото време" | УНДП<br>Млади<br>МЦВ<br>ЛМС Велес<br>Општина Велес | 29 март 2024 | / |
| 12 | Организирани едукативни работилници на теми „Врсничко насилство меѓу младите" и „Инклузија и конструктивни наративи" | УНДП<br>Млади<br>МЦВ<br>ЛМС Велес<br>Општина Велес | 3 април 2024 | / |
| 13 | Реализирана театарска претстава „Тивки жртви" | УНДП<br>Млади<br>МЦВ<br>ЛМС Велес<br>Општина Велес | 12 април 2024 | / |
| 14 | Организиран завршен настан за проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба" | УНДП<br>УНФПА<br>Млади<br>МЦВ<br>ЛМС Велес<br>Општина Велес | 15 април 2024 | / |
| 15 | Одбележан Денот на Европа | МЦВ | 9 мај 2024 | / |
| 16 | Организирана локална конференција „Велес – Општина посветена на децата" | Прва детска амбасада во светот „Меѓаши"<br>Центар за семејно и детско згрижување<br>МЦВ / СОВ / ООУ<br>Општина Велес | 3 јуни 2024 | / |
| 17 | Организиран настан за промоција на детски игри „Време на летала" | МЦВ / ООУ / СОВ<br>Фондација „Фокус"<br>Општина Велес | 17 јуни 2024 | / |
| 18 | Одбележан меѓународниот Ден на младите, 12 август | МЦВ<br>Општина Велес | 12 август 2024 | / |
| 19 | Организирана работилница на тема „Застапување и лобирање како механизми за реализација на правата на младите" во рамки на летна академија – дел 4 | МЦВ<br>Општина Велес | 29 август 2024 | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 20 | Организирана работилница за млади во рамки на одбележувањето на Европската недела на мобилност „Мисли зелено” | МЦВ<br>Евроспка куќа Велес<br>Општина Велес | 20 септември 2024 | / |
| 21 | Организиран младински форум – Младите за чист воздух | Центар за климатски промени<br>УНИЦЕФ<br>Општина Велес | 30 септември 2024 | / |
| 22 | Промоција на проект „Паметни решенија Велес” | ЕУ<br>Општина Велес | 3 октомври 2024 | / |
| 23 | Презентирана програмата Мрежа на млади европски амбасадори | МЦВ<br>ЕУХ | 25 октмоври 2025 | / |
| 24 | Одбележан меѓународниот Ден на волонтерството | МЦВ<br>ЕУХ | 5 декември 2024 | / |
| 25 | Претставување на Програмата за работа на МЦВ и ЛМС Велес | МЦВ<br>ЛМС Велес<br>ОСУ „Јовче Тесличков” | 10 декември 2025 | / |
| 26 | Учество на семинар за вмрежување и унапредување на младинската работа | Коалција на Младински организации СЕГА | 19 – 21 декември 2024 | / |
| 27 | Остварување и одржување комуникација и соработка со партнери / соработници / засегнати страни | Службеник за млади | во тек на цела 2024 година | / |

- **Активностите наведени во табелата хронолошки се набројани согласно датумот на нивно реализирање.**

## Наративно образложение на активности

1. **Доставен елаборат за вендинг машини**

Во рамки на Проектот за поддршка на младинското учество во животната средина и климатските промени на локално ниво преку вклучување на младите во донесувањето одлуки за политиките за животна средина, поддржан од Фондот за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ), Општина Велес заедно со Агенцијата за млади и спорт на крајот од 2023 година организираше втор настан, дел од проектот, на кој беше презентирана нацрт-проектната документација (елаборат) за одбраниот проект, поставување на вендинг машини за селектирање на пластични шишиња и лименки, којшто со мнозинство гласови од страна на младите беше изгласан како приоритетен од предложените 17 предлози на првиот одржан настан за детектирање еко-проблеми на локално ниво, кој се одржа на 13 октомври 2023 година (линк: https://veles.gov.mk/mladinsko-uchestvo-vo-politiki-za-zhivot/).

Ангажираниот консултант за изработка на нацрт-елаборатот од страна на АМС, го изработи навремено и го достави до Општина Велес, согласно договореното Нацрт-елаборатот кој беше презентиран пред голем број присутни и заинтересирани млади, претставници на средните училишта, претставници на МЦВ и ЛМС Велес, но и претставници од Општина Велес, здруженија на граѓани со еколошки предзнак, претставници на Советот во Општина Велес и на општинската администрација.

2. **Панел дискусија на тема „Моќта на дигиталното изразување"**

Во соработка со Младински центар Велес и Европска куќа Велес беше организирана интерактивна панел дискусија на тема „Моќта на дигиталното изразување", на која активно учествуваа млади од ученичките заедници од општинските основни училшта од градот, како и претставници на Младинските центри од Велес и Кавадарци. Панел дикусијата ја водеше едукатор за дигитална комуникација и дигитално изразување, Драгана Јованова.

3. **Донесен Заклучок на СОВ за усвојување на Извештајот за работата на Службеникот за млади во 2023 година**

На седница на Советот на Општина Велес, одржана на 21 февруари 2024 година, Извештајот за работата на Службеникот за млади во Општина Велес во 2023 година беше ставен на разгледување и беше едногласно усвоен, за што беше донесен Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на Службеникот за млади во Општина Велес во 2023 година (арх. бр. 25-1189/10, од 21 февруари 2024 година).

4. **Донесен Заклучок на СОВ за усвојување на Извештајот за работата на Младински центар Велес во 2023 година**

На седница на Советот на Општина Велес, одржана на 21 февруари 2024 година, Извештајот за работата на Младински центар Велес во 2023 година беше ставен на разгледување и беше еднонгласно усвоен, за што беше донесен Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на Младински центар Велес во 2023 година (арх. бр. 25-1189/11, од 21 февруари 2024).

5. **Доставен Извештај за работата на Службеникот за млади во 2023 година до АМС**

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20), а согласно Решението за именување на Службеник за млади во Општина Велес (арх. бр. 08-2102/1, од 20.05.2021 година), Службеникот за млади изготвува годишен Извештај за работата на иституцијата во делокругот за млади и го доставува до Агенцијата за млади и спорт.

Почитувајќи ги принципите на транспарентност, отчетност и јавност, овој Извештај е истовремено доставен и до Градоначалникот на општината (арх. бр. 11-35/1, од 2 јануари 2024 година) и до Советот на општината, додека на 22 февруари 2024 година по електронски и поштенски пат е доставен и до Агенцијата за млади и спорт.

6. **Доставен одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

По добиено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на барател, а во врска со реализацијата на законските обврски произлезени од Законот за младинско учество и младински политики, беше навремено и транспарентно доставен одговор на 26 февруари 2024 година (арх. бр. 26-1232/2, од 26 февруари 2024 година).

Одговорот по електронски пат е доставен до барателот на информацијата.

7. **Објавен Извештај за работата на Службеникот за млади во 2023 година на интернет страницата на Општина Велес**

Согласно член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20), а согласно Решението за именување на Службеник за млади (08-2102/1, од 20.05.2021 година), по изготвувањето и доставувањето на Извештајот за работата на Службеникот за млади во Општина Велес за 2023 година до Градоначалникот на Општина Велес, Советот на Општина Велес и Агенцијата за млади и спорт, истиот е јавно објавен и на интернет страницата на Општина Велес.

**Линк:**
https://veles.gov.mk/downloads/2024/fevruari/Izvestaj%20sluzbenik%20za%20mladi%202023/Izvestaj%20sluzbenik%20za%20mladi%202023.pdf

8. **Завршен настан за проектот „Клуч за сопствен бизнис"**

Во рамки на проектот „Клуч за сопствен бизнис" имплементиран од страна на Фондација за локален развој и демократија „Фокус", Велес, проект поддржан од страна на Регионалната програма за локален развој на Западен Балкан – ReLOaD2, финансирана од страна на Европската унија, имплементирана преку Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и кофинансирана од Општина Велес, беше организиран завршен настан во фоајето на Театарот „Јордан Хаџиконстантинов - Џинот", во Велес, каде десет млади дизајнери, кои се дел од обучените шеесетина млади од Велес и дел се членови на Младински центар Велес, пред присутната публика ги претставија своите лични креации и модели, изработени за време на

реализирањето на овој проект. На крајот од настанот креациите беа понудени на заинтересираните присутни да ги откупат преку т.н. тајна аукција.

**Линк:** https://veles.gov.mk/zavrshen-nastan-za-proektot-kluch-za-s/

### 9. Организирана средношколска дебата на тема родова еднаквост „Потсетник како жените го променија светот!"

На еден поинаков и несекојдневен начин, оваа година, Општина Велес се одлучи за поинакво чествување на 8 Март, меѓународниот Ден на жената, со потенцирање на суштината зошто овој ден се одбележува – еманципација на жената во општеството. За таа цел, а во рамки на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", беше организирана средношколска дебата за 8 Март како потсетник за вистинската суштина и борба за родова еднаквост, на која учество земаа ученици од сите средни училишта во градот и дебатираа на тема „Борба, НЕ кафана". По завршувањето на делот со дебатата, младите актери од МДПС „Премиера", од Велес, на шеговит начин, пред присутните млади, ученици и професори од средните училишта од градот, вработени во општинската адинистрација, градоначалникот и членовите на Советот на Општина Велес, го претставија секојдневието преку едночинката „Од љубов не се бега".

Оваа активност, како и уште неколку други кои исто така се дел од проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", се организираат од страна на Општина Велес, каде целна група се младите, пред сè ученици од средните училишта, но и младите претставници од Локалниот младински совет, како и младите волонтери од Младинскиот центар во Велес. Проектот е финансиран од страна на Фондот за мир на Обединетите нации, имплементиран од страна на Општина Велес и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со УНФПА, УНЕСКО и UN Women.

**Линк:** https://veles.gov.mk/8-mart-potsetnik-kako-zhenite-2024/

### 10. Организирани едукативни работилници на теми „Врсничко насилство меѓу младите" и „Булинг помеѓу младите"

Во рамки на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", беа организирани едукативни работилници на теми „Врсничко насилство меѓу младите" и „Булинг меѓу младите", на кои учество земаа средношколци од Велес. Работилниците се одржаа во хотел „Гарденија" во Велес, а пристуните ученици, претставниците на Локалниот младински совет, како и претставниците на Младинскиот центар од Велес, се запознаа со различните видови и форми на насилство меѓу врсниците. Предавачи беа познавачи на темите од Здружението на граѓани „РУБИКОН" од Скопје, кои преку интеракција и видео презентација ги доближија темите до учениците кои се сè поприсутни во денешницата.

На работилниците се разговараше и за кибернасилството. Се дискутираше и за мерките, можностите и начините на превенција и справување со врсничко насилство. Младите покажаа конструктивни предлози и младински иницијативи со цел спречување односно намалување на насилството меѓу врсниците.

Работилниците се дел од проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба" финансиран од страна на Фондот за мир на Обединетите нации, имплементиран од страна на Општина Велес, Младински центар на Фондација Фокус, УНДП, УНФПА, УНЕСКО и UN Women.

**Линк:** https://veles.gov.mk/vrsnichko-nasilstvo-i-buling-2024/

11. Организирана едукативна работилница на тема „Менталното здравје кај младите како предизвик на новото време"

Ученици од средните училишта учествуваа на работилница „Менталното здравје кај младите како предизвик на новото време". Целта на работилницата беше да се спознае свесноста за важноста на менталното здравје, кои се начините на грижа за менталното здравје и што всушност значи нарушено ментално здравје, односно да се истакне значењето на менталното здравје кое е императив за здравиот развој на младите и нивната добросостојба.

На работилницата активно учество земаа ученици од средните училишта од градот, претставници на Локалниот младински совет и на Младинскиот центар од Велес, а присустни беа и одговорни професори од училиштата, како и претставници на општинската администрација. Преку интерактивни вежби присутните, заедно со предавачите од Центарот за развој, едукација и советување разговараа за менталното здравје кое ја вклучува и емиционалната, психолошката и социјална благосостојба.

Работилницата, како и повеќе други активности се дел од проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", финансиран од страна на Фондот за мир на Обединетите нации, имплементиран од страна на Општина Велес, УНДП, УНФПА, УНЕСКО и UN Women.

**Линк:** https://veles.gov.mk/srednoshkolcite-na-edukativna-raboti2024/

**12. Организирани едукативни работилници на теми „Врсничко насилство меѓу младите" и „Инклузија и конструктивни наративи"**

Во организација на Општина Велес, а во рамки на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба" беа одржани две работилници во хотел „Гарденија" на тема „Врсничко насилство меѓу младите" и „Инклузија и конструктивни наративи".

На работилниците активно учество земаа ученици од средните училишта од градот и претставници на Локалниот младински совет на Општина Велес. Преку интерактивни вежби и видео презентации, стручните обучувачи, односно едукатори на темата на работилницата им ги доближија темите на присутните и преку интерактивни игри ги претставија наќините за решавање на овие појави во секојдневието на младите.

Овие активности се дел од проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", финансиран од страна на Фондот за мир на Обединетите нации, а имплементиран од страна на Општина Велес и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со УНФПА, УНЕСКО и UN Women.

**Линк:** https://veles.gov.mk/edukativni-rabotilnici-za-mladi2024/

**13. Реализација на театарска претстава „Тивки жртви"**

Во рамки на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", во салата „Бели мугри" во Велес, беше изведена театарската претстава „Тивки жртви" во изведба на Младинското драмско-поетско студио ПРЕМИЕРА од Велес. Тематиката на претставата беше заснована и ги обработи темите за врсничко

насилство, булинг и сајбер насилство, негативни појави кои го окупираат секојдневието на младите во денешницата.

Младите актери на сцената ја прикажаа агонијата на жртвите на насилството, доминантноста на појаките врз послабите, но на крај поентираа со силна порака до младите, која истовремено може да биде порака и до возрасните, да се негува другарството, почитта и различностите.

Претставата беше прикажана пред учениците од средните училишта во градот, претставници на Локалниот младински совет, како и пред членовите на Младинскиот центар од Велес.

Проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба" е финансиран од страна на Фондот за мир на Обединетите нации, имплементиран од страна на Општина Велес и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со УНФПА, УНЕСКО и UN Women.

**Линк:** https://veles.gov.mk/bulingot-i-vrsnichkoto-nasilstvo-tem2024/

### 14. Организиран завршен настан за проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба"

На завршниот настан на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба" кој беше организиран на отворено, во Градскиот парк во Велес, во опуштена атмосфера беа присутни повеќе од 200 млади, претставници на Локалниот младински совет и дел од советниците од Советот на Општина Велес, кои пред сите присутни и пред градоначалникот на Општина Велес ги искажаа проблемите и желбите на младите велешани, споделија предлози и иницијативи за поголема информираност на младите за настаните што ги организира општината, за организирање на повеќе културни и спортски манифестации во градот, повеќе тематски работилници, изградба на патеки за велосипеди, реконструкции на улици и други предлози.

Сите нив ги слушна градоначалникот на Општина Велес кој вети дека во рамките на можностите, Општина Велес, во иднина ќе ги реализира.

По завршување на дискусијата, беше организиран мал концерт и присутните ги забавуваше Мики Секуловски.

Во рамки на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба" беа организирани повеќе настани меѓу кои и средношколска дебата за 8 Март како потсетник за вистинската суштина и борба за родова еднаквост, се одржаа пет работилници на кои се отворија темите за врсничко насилство, булинг, ментално здравје, конструктивни наративи и инклузија на 200 млади учесници од Општина Велес, а се одржаа и две тематски театарски претстави за 400 млади.

Проектот е финансиран од страна на Фондот за мир на Обединетите нации, имплементиран од страна на Општина Велес и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со УНФПА, УНЕСКО и UN Women.

**Линк:** **https://veles.gov.mk/zavrshen-nastan-na-proektot-mladi-2024/**

### 15. Одбележан Денот на Европа

Преку интерактивна работилница, со едукативен карактер, во соработка со Младински центар Велес, беше одбележан 9 Мај, Денот на Европа. Присутните млади имаа можност преку дискусија и презентација да се запознаат повеќе со постоењето и функционирањето на Европската унија во целост и со детали за

поединечни знаменитости, карактеристични за некои од европските држави. Работилницата беше заокружена со организрање на квиз на знаење поврзан со темата на денот.

### 16. Организирана локална конференција „Велес – Општина посветена на децата”

Во рамки на проектот „Место за растење: општини посветени на децата", во просториите на Европска куќа Велес, се одржа локална конференција на тема „Велес – општина посветена на децата".

На конференцијата претставници на локалната самоуправа, образовните институции, детската градинка, јавните институции и присутните деца и млади, дебатираа на прашања поврзани со поттикнувањето на детското учество во планирањето и носењето одлуки на локално ниво.

Во своето воведно обраќање претседателот на Првата детска амбасада во светот Меѓаши, Драги Змијанац ги претстави досегашните и планираните активности за развивање на концептот „Општини посветени на децата". Свое воведно обраќање имаше и директорката на Центарот за семејно и детско згрижување, Кристина Василевска која ја истакна потребата од детектирање на вистинските потреби и проблеми на децата во локалната заедница и нивно конструктивно решавање во соработка со надлежните институции.

Свое обраќање имаше и градоначалникот на Општина Велес, Марко Колев кој истакна дека општината е отворена за сите потреби и проблеми на децата и младите во градот, преку континуирана непосредна комуникација со нив. Тој се осврна на сè што е направено во изминатите години и што ќе се направи за нормален психофизички раст и развој на децата во Велес.

На конференцијата зборуваше и претставник на Општина Велес кој истакна дека општината континуирано работи на унапредување на правата на децата и на нивното образование.

За предизвиците во градењето на детските права во современа локална самоуправа говореше социолог Љубе Лучков, поранешен претседател на Комисијата за заштита на правата на децата во Општина Велес.

За улогата и вклученоста на децата и младите во локалната самоуправа зборуваше Ивана Јордева, сертифициран младински работник во Младински центар Велес.

За улогата на воспитно-образовните институции кај децата и нивните права зборуваше Психологот во ООУ „Св. Кирил и Методиј", Соња Ристовска. Додека за децата од предучилишно образование зборуваше дефектоклогот во ОЈУДГ „Димче Мирчев", Ефтимија Карбева.

Посебен акцент на правата на децата и младите дадоа Михаил Здраввковски и Изабела Димков, ученици во општинските основни училишта „Блаже Конески" и „Васил Главинов". Тие се осврнаа на правата на младите и клучната улога на општината во креирањето и унапредувањето на истите права.

За предизвиците при решавање на детското претстапништво зборуваше Менка Андреева, претседател на Советот за детско претстапништво. На конференцијата се дискутираше и за актуелните теми кај младите, врсничкото насилство и дискриминација на правата на децата.

Општина Велес е една од петте општини кои се вклучени во проектот „Место за растење: општини посветени на децата", што го спроведува Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" и Центарот за семејно и детско згрижување КМОП Скопје, а е финансиран од Делегација на Европска унија во рамки на локалните шеми за демократија и човекови права.

**Линк:** https://veles.gov.mk/lokalna-konferenci-a-za-pravata-na-de/

### 17. Организиран настан за промоција на детски игри „Време на летала"

Педесетина ученици од основните училишта во Велес имаа можност да бидат вклучени во изработка на летала, т.н. учутми преку летање на истите на платото пред Спомен-костурницата, со цел возобновување на велешката традиција на игра и забава на децата и младите преку летање на учутми. Иницијативата „Време на летала" потекна од советничката група на политичката партија Левица при Советот на Општина Велес, а истата беше финансиски поддржана од страна на Општина Велес. Учениците од општинските основни училишта, со поддршка на своите наставници изработија вкупно 75 учутми. Настанот го реализираа Општина Велес, Младински центар Велес и Фондација за локален развој и демократија „Фокус".

### 18. Одбележан меѓународниот Ден на младите, 12 август

Во организација на Младинскиот центар Велес (МЦВ), а со поддршка на Општина Велес беше одбележан меѓународниот Ден на младите, 12 август. Во просториите на Младински центар Велес се одржа панел дискусија со млади на тема „Вклучување на младите во локалната заедница", во која младите имаа можност да искажат свое мислење, видување и заедно да дискутираат за правата, можностите и предизвиците со кои се соочуваат младите во локалната заедница. Истовремено, денот беше искористен за одбележување на роденденот на МЦВ и споделување на постигнатите резултати и сите активности кои во минатата година беа реализирани во рамки на делувањето на МЦВ.

### 19. Организирана работилница на тема „Застапување и лобирање како механизми за реализација на правата на младите" во рамки на летна академија – дел 4

Младинскиот центар од Велес започна со реализација на Летна академија во Велес на различни теми, во летните месеци од годината, со цел активирање на младите велешани и сите останати заинтересирани да стекнат нови знаења, искуства и познанства, поврзани со темите кои се дел од овогодинешната академија. Поделена во неколку делови, учесниците на академијата учествуваа на повеќе работилници, интерактивни вежби и имаа можност да бидат дел од практични активности, водени од сертифицирани младински работници и едукатори. На четвриот дел од летната академија, кој се одржа во просториите на Европска куќа, Велес, учесниците, заедно со претставници на Општина Велес, на Младински центар Велес и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), преку интерактивно предавање и вежби, фокусот го ставија на можноста младите да учествуваат во процесот на донесување и креирање на одлуки на локално ниво, со што ќе придонесат во зголемување на застапувачката улога на младите, како еден од механизмите за реализација на правата на младите. Летната академија ќе

продолжи со реализација и во текот на летните месеци од наредната календарска година.

**20. Организирана работилница за млади во рамки на одбележувањето на Европската недела на мобилност „Мисли зелено"**

Одбележувањето на Европската недела на мобилност 2024 беше заокружена со едукативна младинска работилница во просториите на Европска куќа Велес, организирана во партнерство со Младински центар Велес. Десетина средношколци учествуваа на младинската работилница која се состоеше од видео-презентација со цел промовирање на позитивни примери за урбана мобилност и алтернативни превозни средства во дел од европските градови. Учениците споделија свои искуства при посета на други европски држави во кои јавниот превоз и алтернативните транспортни средства предничат во однос на автомобилите. На крајот од работилницата беше организиран квиз поврзан со темата.

**Линк**: https://veles.gov.mk/so-mladinska-rabotilnica-zavrshi-evro/

**21. Организиран младински форум – Младите за чист воздух**

Во организација на Центарот за климатски промени, во соработка со Општина Велес и УНИЦЕФ, на 30 септември 2024, во просториите на Општина Велес беше организиран Младински форм - Младите за чист воздух. На форумот младите имаа можност да ги претставaт своите барања за реализација на мерки за почист воздух во Велес и дискутираа за нивната можност за реализација од страна на општината. Воедно, младите се запознаа со носителите на одлуки на локално ниво и со процесот на носење на одлуки. Досега во Велес беа организирани три работилници, на кои учествуваа повеќе од 80 млади луѓе и заедно со нив се разговараше за проблемите кои влијаат врз загадувањето на воздухот, конкретно во нивната средина. За време на форумот беа презентирани Локалниот еколошки акциски план и Планот за воздух.

Форумот беше дел од проектот „Младинска акција за чист воздух", кој се спроведува преку партнерство на Центарот за климатски промени, УНИЦЕФ и Општина Велес.

**22. Промоција на проект „Паметни решенија Велес"**

Во организација на Општина Велес, на 3 октомври 2024 година беше организирана презентација на проектот „Паметни решенија Велес", кој Општина Велес го спроведува со поддршка на Европската унија, преку програмата ЕУ за поддршка на општините. На настанот беа презентирани досегашните анализи, планови и процеси, а беа дадени и информации за досегашното сработено, во рамки на проектот, додека присутните млади од Велес имаа можност да дадат свои видувања и идеи за нови можности, понапредни и иновативни пристапи кои општината може да ги примени и вметне во понатамошното работење со цел олеснување на секојдневното живеење на сите жители на Општина Велес.

**23. Презентирана програмата Мрежа на млади европски амбасадори**

Младите од Велес, но пред сè, младите волонтери и членови на Младинскиот центар од Велес, имаа можност да присуствуваат и да бидат дел од настан на кој

беше презентирана програмата Мрежа на млади европски амбасадори. Настанот се одржа во просториите на Европска куќа Велес. Актуелните млади европски амбасадори ја претставија својата ангажираност во рамки на Програмата и ги запознаа присутните со процесот на пријавување, селекција и со својата работа, како и со можноста и тие да станат дел од оваа мрежа. Мрежата на млади европски амбасадори е неполитичка, доброволна, комуникациска мрежа меѓу младите луѓе од Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Северна Македонија и Србија, која има за цел да ја подигне свеста за постоењето на соработката помеѓу ЕУ и земјите од регионот на Западен Балкан, да помогне во зголемувањето на граѓанскиот активизам и да ги прикаже резултатите од постоењето на ваквата соработка.

**24. Одбележан меѓународниот Ден на волонтерството**

Во организација и соработка со МЦВ и ЕУХ Велес беше одбележан меѓународниот Ден на волонтерството со организирање на волонтерска еко-акција во центарот на градот, поточно во околниот простор каде се лоцирани просториите на Европската куќа во Велес. Еко акцијата за чистење на околниот простор од несовесно фрлениот отпад беше заокружена со кратка, интерактивна работилница во која младите волонтери го искажаа своето размислување во врска со значењето на волонтеризмот и резулттаите кои произлегуваат од него, а се знаќајни и корисни за локалната заедница во која живееме.

**25. Претставување на Програмата за работа на МЦВ и ЛМС Велес**

Ученици од ОСУ „Јовче Тесличков", Велес, во две организирани групи, остварија посета на Младинскиот центар во Велес и се запознаа со постоењето, работењето и можноста да се вклучат и тие самите во групата на млади кои се членови на Младинскиот центар. Меѓудругото, присутните се запознаа и со претставници на Локалниот младински совет од Велес, со неговата работа и со можноста да се пријават и тие на следниот Јавен оглас, да станат дел од истиот и да се вклучат во процесот на донесување на одлуки со што ќе придонесат во промените за младите од локалната заедница.

**26. Учество на семинар за вмрежување и унапредување на младинската работа**

Во просториите на Младинскиот центар од Охрид, а во организација на младинската организација Коалција на Младински организации СЕГА од Прилеп, претставници од Младинскиот центар од Велес имаа можност да бидат дел од тридневен семинар со цел вмрежување на младите од повеќе општини, запознавање на работата на неколку Младински центри, на Службеници за млади од повеќе општини и да учествуваат во повеќе работилници на различни теми, на кои меѓу другото во групни активности имаа можност да ги идентификуваат потребите на младите, да споделат свои видувања и мислења за подобрување на квалитетот на работата на Младинските центри и слично.

## 27. Остварување и одржување комуникација и соработка со партнери / соработници / засегнати страни

Со цел навремено информирање, остварување на контакти и продлабочување на соработка, реализација на иницијативи и проектни активности, Службеникот за млади по неговото назначување во 2021 година, остварува и одржува редовна комуникација со сите засегнати страни од делокругот на неговата работа: со млади од заедницата, младинскиот работник од Младинскиот центар во Велес, со останати Службеници за млади од други општини, со претставници на младински чадор организации, Сојуз за младинска работа (СМР), Коалиција на младински организации СЕГА, со претставници на Агенцијата за млади и спорт (АМС), со младински организации, организации за млади, Здруженија на граѓани од градот и државата и со останати форми на младинско организирање и здружување, претставници на странски амбасади, меѓународни фондови и организации, УНДП, УНФПА, Делегација на Европска унија, Европските куќи од градовите во Македонија, но пред сè со Европска куќа, Велес, Мировен корпус, ОБСЕ и други, а истовремено остварува и одржува редовна комуникација и соработка и со Градоначалникот и Советот на Општина Велес, помага и ја координира работата и активностите на Младинскиот центар од Велес, како и на Локалниот младински совет на Општина Велес.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е:**

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20) и согласно Решението за именување на Службеник за млади (арх. бр. 08-2102/1, од 20.05.2021 година), Службеникот за млади изготвува годишен Извештај за својата работа и истиот го доставува до Агенцијата за млади и спорт (односно Министерство за социјална политика, демографија и млади).

Поради почитување на принципите на транспарентност, отчетност и јавност, Службеникот за млади го доставува истиот Извештај и до Градоначалникот на Општина Велес и до Советот на Општина Велес.

Следствено на ова, а врз основа на законските одредби, Извештајот ќе биде јавно објавен и на интернет страницата на Општина Велес (во делот „*МЛАДИ*" / „*СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ*", линк: https://veles.gov.mk/sluzbenikmladi/).

**Легенда на кратенки:**

1. АМС – Агенција за млади и спорт
2. ГО – Граѓанска организација
3. ЕУ – Европска унија
4. ЕУХ – Europe house (Европска куќа)
5. ЗГ – Здружение на граѓани
6. ИО – Иницијативен одбор
7. ЈП – Јавно претпријатие
8. ЛБ – Локална библиотека
9. ЛМС – Локален младински совет
10. ЛСМ – Локално собрание на млади
11. МОФ – Младински образовен форум
12. МЦВ – Младински центар Велес
13. НА – Национална агенција
14. НАЕОПМ – Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
15. НВО – Невладина организација
16. Н.Е. – Негова / Нејзина Екселенција
17. НМСМ – Национален младински совет на Македонија
18. НУ – Национална установа
19. ОБСЕ – Организација за безбедност и соработка во Европа
20. ОО Црвен крст – Општинска организација на Црвен крст
21. РСМ – Република Северна Македонија
22. СДЦ - Швајцарска агенција за развој и соработка
23. СЕГА – Коалиција на младински организации СЕГА
24. СМР – Сојуз за младинска работа
25. СОВ – Совет на Општина Велес
26. УНВ – Програма за волонтери на Обединетите нации (UNV – Un Volunteers)
27. УНЕСКО - Организација за образование, наука и култура на Обединетите нации
28. УНИЦЕФ – Фонд за деца на Обединетите нации
29. УНДП – Програма за развој на Обединетите нации
30. УНФПА – Фонд за население на Обединетите нации

**Доставено до:**

- Градоначалник на Општина Велес;
- Совет на Општина Велес;
- Агенција за млади и спорт (Министерство за социјална политика, демографија и млади);
- Одделение за јавни дејности и
- Списи и архива.
-

**Датум:**
**25. 07. 2025**
**Велес**

**Изработил:**
**Службеник за млади во Општина Велес,**
**Владимир Смилев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ВЕЛЕС · ОПШТИНА ВЕЛЕС